Република Македонија
Министерство за одбрана
Бр. 01-5145/1
1 -07- 2010 200
СКОПЈЕ

Врз основа на член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/2010), министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Македонија

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на територијата на Република Македонија, на активниот воен и цивилен персонал кој врши служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст:Армијата), за времето за кое се изложени на зголемени трошоци во и вон местото на вршењето на службата.

Како место на вршење на службата од став 1 на овој член, се смета местото во кое воената единица односно воената установа е постојано лоцирана, а во кое лицето ја врши службата.

## II.НАДОМЕСТОК ЗА СЕЛИДБЕНИ ТРОШОЦИ

Член 2

Надоместокот за селидбени трошоци се исплатува на лицата од член 1 на овој правилник, кои заради потреба на службата вршат преселување на покуќнината од едно во друго место на вршење на службата.

Надоместокот од став 1 на овој член се исплатува во висина на реалните трошоци за превоз на покуќнина, но не повеќе од износот на една нето просечна месечна нето плата исплатена во Република Македонија, објавена на денот на исплатата.

Надоместокот од став 1 и 2 на овој член не се исплатува на активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кој врши преселба на покуќнината во исто место на живеење.

Член 3

Заради утврдување на правото на надоместок за селидбени трошоци активниот воен и цивилен персонал ги поднесуваат следните документи:

-Барање за остварување на правото за надоместок на селидбени трошоци, и

- Финансиски оригинален документ (фактура, фискална сметка) за извршена и платена транспортна услуга.

Член 4

Решение за исплата на надоместок за селидбени трошоци донесува командантот на самостоен баталјон, нему рамен или повисок воен старешина или раководно лице во Министерството за одбрана.

## III.НАДОМЕСТОК ЗА ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБА ЗА ДЕЖУРСТВО, СТРАЖАРСКА СЛУЖБА И СЛУЖБА НА ПОСЕБНИ ВОЕНИ ОБЈЕКТИ

Член 5

Правото на надоместок за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти активниот воен и цивилен персонал го остваруваат, доколку вршат служба во времетраење од 24 часа непрекинато и повеќе, организирани според Правилата за внатрешен ред и односите во вршењето на службата во Армијата кои ги донесува началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член со решение го утврдува министерот за одбрана.

Висината на надоместокот за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти за време на неделен одмор се зголемува за 20% , а за време на празници утврдени со закон се зголемува за 30% од утврдениот износ со решението на министерот за одбрана.

## IV. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕВОЗ

Член 6

Активен воен и цивилен персонал кој живее надвор од местото на вршење на службата, при што не остварува право на надоместок на трошоци за одвоен живот и не постои можност за користење на меѓуградски превоз обезбеден од

страна на Министерството за одбрана од местото на живеење до местото на вршење на службата, правото на надоместок на трошоци за превоз до и од работното место, го остварува во висина на стварните трошоци за превоз со најевтиното превозно средство од јавниот сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, но не повеќе од висината на правото на надоместок на трошоци за одвоен живот.

Надоместокот на трошоците за превоз лицата од став 1 на овој член го остваруваат само за деновите кога доаѓаат и заминуваат од работа.

Член 7

Заради утврдување на правото на надоместокот на трошоци за превоз од местото на живеење до работното место, се поднесуваат следните документи:

-Барање за остварување на правото за надоместок на трошоци за превоз,

-фотокопија од лична карта и

-потврда за цената на билетот за најевтиното превозно средство од јавниот сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа.

Член 8

Активниот воен и цивилен персонал остварува право на надоместок на трошоците за превоз и во случај кога се упатува на лекарски преглед заради утврдување на здравствената способност за вршење на служба во Армијата.

Член 9

Решение за трошоци за превоз донесува командантот на самостоен баталјон, нему рамен или повисок воен старешина.

## V.НАДОМЕСТОК ЗА ВРЕМЕ ПОМИНАТО НА ТРУПНО ПАТУВАЊЕ

Член 10

Под трупно патување се смета ангажирањето заради реализирање на службени активности во трупни услови подолго од полното работно време.

Службени активности во трупни услови, се сметаат активностите превземени заради: работа во теренски услови, логорување, тревога, вежби, гагања, командантски извидувања, маршеви, селективен курс, активности за монтирање, демонтирање и одржување на материјално-технички средства, работа на издвоени објекти и други службени активности во трупни услови превземени по наредба на надлежен старешина и вршење на контроли на службените активности од овој став.

Под службени активности во трупни услови не се сметаат: курс за стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери,

преквалификација и доквалификација, семинари, работни состаноци и останати курсеви.

Член 11

Висината на надоместокот за трупно патување се утврдува во висина на надоместок за вршење на дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти.

Член 12

Висината на надоместокот за трупно патување се утврдува како процент од основицата за трупно патување во зависност од траењето на ангажирањето подолго од полното работно време.

За ангажирање на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на трупно патување во траење од 8 до 12 часа, надоместокот за трупно патување изнесува во висина од 50% од основицата на надоместокот за трупно патување.

За ангажирање на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на трупно патување во траење од 12 до 24 часа, надоместокот за трупно патување изнесува во висина од 100% од основицата на надоместокот за трупно патување.

## VI.НАДОМЕСТОК ЗА ВРЕМЕ ПОМИНАТО НА СЛУЖБА ПОД ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Член 13

Под служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во смисла на одредбата на овој правилник се сметаат следните ангажирања и тоа:

а) во воена состојба;

б) во вонредна состојба;

в) во обезбедување на лица и невоени објекти од посебно значење за Републиката;

г) во услови кога се бара продолжување на започната работа чие запирање или прекинување би имало штетни последици за борбената готовност на воената единица и

д) за извршување на вонредни задачи или поради определени состојби во Армијата.

Член 14

Надоместокот заради вршење на служба под посебни услови се утврдува во висина исто како и надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и тоа:

а) за ангажирање во воена состојба, износот на надоместокот се зголемува за 100%.;

б) за ангажирање во услови на вонредна состојба, износот на надоместокот се зголемува за 80%.;

в) за ангажирања во обезбедување на лица и објекти од посебно значење, надоместокот се зголемува во висина на износот на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и

г) за ангажирање во услови кога се бара продолжување на започната работа чие запирање или прекинување би имало штетни последици за борбената готовност на воената единица, во висина на износот на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти.

д) за извршување на вонредни задачи или поради одредени состојби во Армијата, во висина на износот на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти.

Член 15

Висината на надоместокот за време поминато на служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата од член 13 на овој правилник, се утврдува како процент од износот утврден во член 5 на овој правилник, во зависност од траењето на ангажирањето подолго од полното работно време, и тоа:

- за ангажирање на активниот и цивилниот персонал на служба во Армијата, во траење од 10 до 12 часа, надоместокот за време поминато на служба под посебни услови изнесува во висина од 50% од утврдениот износ со решението на министерот,

- за ангажирање на активниот и цивилниот персонал на служба во Армијата во траење од 12 до 24 часа, надоместокот за време поминато на служба под посебни услови изнесува во висина од 100% од утврдениот износ со решението на министерот.

Надоместокот од став 1 на овој член се зголемува за 20% во неработни денови и за 30% за празнични денови.

## VII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето и објавувањето на огласна табла на Министерството за одбрана, а ќе се применува од 01.08.2010 година.

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Зоран Коњановски

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правилникот е изработен од работна група определена со решение на министер за одбрана бр 02-924/1 од 04.02.2010 година.

Во подготовка на правилникот консултирани се сите команди и единици на АРМ и ГШ на АРМ.

Сите матерјали врз основа на кои е подготвуван правилникот (мислења, сугестии, забелешки и слично) архивирани се во Секторот за финансии.

Правилникот е разгледан и одобрен од Секторот за правни и персонални работи и државниот секретар.

Износот во решението определен е во соработка со државниот секретар

Изработил:Спасоја Дамјаноски

Согласен: Живкица Смилковска Ристовска

Одобрил: Петар Есмеров

02-6145/2
-07- 2010
Скопје

Врз основа на член 5 став 2 од Правилникот за начинот за исплата и висната на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови активниот, воен и цивилен персонал во АРМ, а во врска со член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2010), министерот за одбрана на Република Македонија донесе

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување на висината на надоместокот за вршење на дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти

1. Висината на надоместокот за вршење на дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти изнесува 610,00 (шестотиниидесет)денари.

2. Висината на надоместокот утврден во точката еден од ова решение се однесува и за исплата на надоместоците за трупно патување и вршење на служба под посебни услови.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.08.2010 година.

Изработил: Митар Петковски
Согласен: Живкица Смиловска Ристовска
Согласен: Спасоја Дамјаноски
Одобрил: Петар Есмеров

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Зоран Коњановски